ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 11-251/4**

**Дата: 27.03.2015**

**ДО**
**ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

## НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

### Резиме

Ова известување претставува наш заклучок по извршената ревизија на успешност која се однесува на преземените политики, мерки и активности за подобрување на условите за функционирање на граничните премини во Република Македонија, со посебен осврт на условите за функционирање на граничните премини за патен сообраќај.

Ревизијата на успешност е извршена согласно Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година, со која е планирано вршење на ревизија на успешност со наслов “Услови за функционирање на граничните премини во Република Македонија”.

Со ревизијата, утврдивме дека преземените политики, мерки и активности во насока на подобрување на организацијата на работата на постојните надлежности и уредување на извршувањето на новите надлежности во областа на управувањето со објектите на граничните премини за патен сообраќај, учество во хармонизацијата на националното законодавство со законодавството на ЕУ, унапредување на административните постапки со интерни процедури за постапување, унапредување и уредување на безбедноста на имотот и вработените и комуникацијата, регулирање на сопственоста на објектите и земјиштето со кои располага, подобрување на законската рамка за сите видови на царински постапки, унапредување/надградба на софтверските решенија со кои се забрзуваат царинските постапки, соработка врз основа на склучени меѓународни договори, како и подобрување на инфраструктурата за спроведување на царинските постапки, придонесуваат за подобрување на условите за извршување на активностите на граничните премини.

## РЕЗИМЕ-РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ
## УСЛОВИ ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Постигнат е значителен напредок во оваа област, но сепак постојат одредени области во кои треба да се преземат дополнителни активности за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај, со цел непречено функционирање на граничните премини во РМ.

Периодот кој беше опфатен со нашата ревизија е 2012 - 2014 година, а дадени се состојби и настани кои се случиле и претходно и последователно.

Прелиминарните истражувања кои ревизорскиот тим ги спроведе во Царинската управа и беа насочени кон следниве области:

- Правна рамка и стратешки документи;
- Организација, надлежности, кадровска екипираност, обуки и финансирање на Царинската управа;
- Материјално технички ресурси, опрема и просторно сместување на граничните премини надлежност на Царинската управа и
- Комуникација, координација и соработка помеѓу учесниците во функционирањето на граничните премини во РМ.

Од утврдените ризици со прелиминарното истражување, произлегоа заклучоци, по што ревизорскиот тим изготви ревизорска програма на активности. Ревизорската програма опфати активности за обезбедување на доволно комплетни и релевантни докази од Царинската управа, врз основа на кои се сними состојбата какви се условите за функционирање на граничните премини и се донесоа заклучоци во рамките на поставените ревизорски цели.
Состојбите кои се прикажани во Нацрт извештајот се резултат на применетите постапки на ревизија со цел постигнување на објективна и реална оценка на тековните состојби во функционирањето на граничните премини, идентификување на ризичните области поврзани со нормативните, организациските, финансиските, материјално - техничките, кадровските и други претпоставки кои влијаат врз активностите во наведената област, откривање на клучните фактори кои влијаат врз подобрувањето на функционирањето, нивна анализа, утврдување на причините за постојната состојба и креирање на јасни и реални препораки по кои надлежните лица и институции треба да постапат. Препораките произлезени од оваа ревизија насочени се кон обезбедување услови за подобрување на функционирањето на граничните премини за патен сообраќај при креирање, донесување и имплементација на мерки, политики и конкретни проекти.

Извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесените заклучоци во точките од 1 до 4 во овој Нацрт извештај, кои се однесуваат на:

- Во периодот на изготвување на Конечниот извештај, донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа, Службен весник на РМ број 33 од 05.03.2015 година, со кој е пропишан законски основ за донесување на акт со кој ќе се утврдат минималните стандарди за материјално технички средства и опрема, просторно сместување и човечки ресурси потребни за функционирање на граничните премини за патен сообраќај согласно категоријата на кој припаѓа преминот. Уредбата за категоризација, обем на користење и работно време на граничните премини не е донесена во законски утврдениот рок;
- утврдени се помали отстапувања во однос на исполнувањето на активностите во утврдената временска рамка во НПАА, како и реализацијата на стратешките приоритети, што влијае на одложување на примената и имплементацијата на законските решенија, како и на реализација на активностите за создавања услови за подобро функционирање на граничните премини;
- нивото на обезбедените финансиски средства со Годишните програми за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај, бележи тренд на намалување;
- и покрај реализираните инвестиции за подобрување на условите на граничните премини за патен сообраќај, дел од нив не располагаат со соодветни материјално - технички услови, опрема и просторно сместување на граничните премини за патен сообраќај;
- за најголемиот дел од имотот кој се наоѓа на подрачјата на граничните премини за патен сообраќај (земјиште и објекти) кој е даден на користење на Царинската управа се регулирани имотно - правните односи, а останатите се предмет на еден континуиран и долготраен процес на решавање на имотно - правните односи и
- не постои доволна комуникација, координација и соработка помеѓу Царинската управа и надлежните институции со што се отежнува извршувањето на законските надлежности кои Царинската управа ги има во однос на функционирањето на граничните премини за патен сообраќај.

На ден 26.12.2014 година во просториите на Царинската управа одржан е завршен состанок, со цел запознавање на раководството и одговорните лица на субјектите предмет на ревизија со основните оценки и препораки произлезени од извршената ревизија.

Царинската управа достави Одговор по Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност, истиот е разгледан од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е дека истиот претставува известување за преземени мерки и активности во однос на дадените препораки, согласно ревизорските наоди. Постапувањата по дадените препораки, Овластениот државен ревизор соодветно ги обелодени во Конечниот извештај.